

# Годишен извештај за 2021

СОС ДЕТСКО СЕЛО



# Содржина


## Краток преглед 3

- Зајакнување на човечките ресурси и организациска структура
- Дигитализација
- Управување со Здружението
- Приватна Установа СОС Детско Село – Скопје
- Ковид 19

## Национален контекст 7

- Статус на имплементацијата на стратегијата

## Програми во имплементација во 2021 13

- Зајакнување на семејства
- Грижа и Социјална интеграција на млади
- Застапување
- Човечки ресурси
- Интерни процеси и дигитализација
- Обезбедување на локални приходи
- Распределба на трошоци на организацијата
- Структура на расходи и вкупен приход
- Клучни партнери на национално ниво

# Краток преглед

**СОС Детско село Македонија во 2021 беше фокусирано на обезбедување законско усогласување на главните програми** преку нивно соодветно поврзување со новиот Закон за социјална работа и имплементација на концептот на лиценцирање на социјални услуги Промената на нашите програми во нови социјални услуги беше задолжителна, поради фактот што според новиот Закон за социјална заштита не може да се биде Давател на социјални услуги доколку не се обезбеди соодветна лиценца за секоја поединечна услуга.

Нашата организација се соочи со големи предизвици со измените во Законот за Социјална заштита од Мај 2019 како и со подзаконските акти од 2020 кои дефинираа нови правила и критериуми за работа на социјални даватели на услуги. За таа цел, како и обезбедување на самоодржливост како и сочувување на конкурентската предност градена цели 20 години, Организацијата во првата половина на 2021 инвестираше ресурси во период од скоро 4 месеци во подготовки на документација и нова систематизација со цел да се подготвиме за аплицирање за лиценци согласно крајниот рок 18 јуни 2021. Дополнително, направивме и измени на Статутот на Приватната установа СОС Детско село Скопје, ја проментивме организациската структура, нови описи на работни места и работни договори за сите соработници за грижа, подготвивме Елаборати за секоја посебна програма (услуги ), реновиравме работни простории со цел да се постигнат владините критериуми (простории за советување, простории за обуки итд).

Целиот овој процес се заврши без јасно разбирање на ценовната методологија која МТСП планира да ја примени за одржливост на тие услуги. Во октомври 2021 г. добивме позитивен одговор од Министерството за Труд и Социјална политика и во Јануари 2022 г**. се потпишаа договори за три нови социјални услуги: 1) Центар за поддршка на Згрижувачки Семејства во 3 региони на национално ниво; 2) Услуги за советување (родителство) за Програмата за зајакнување семејство и 3) „Организирано живеење со поддршка" за грижа на млади лица.** Следеше потпишување на Управни Договори со МТСП при што се ја обезбедија и дополнителни субвенции за Центарот за Поддршка за Згрижувачки Семејства, и за услугата Грижа за млади лица, покривајќи 39% од сегашните тековни трошоци на оваа програма.

**Инвестиција за пораст на финансирањето** беше направена преку редовни активности со корпоративни донатори, но генерално преку проектот IF4C ( Финансиран од СОС Киндердорф Интернационал) успеавме да основаме силен тим и да се подготвиме за систематски пристап на континуирано обезбедување донации од поединци преку отворање нови канали, како што е Дигитално обезбедување средства и пилотирање

пристап лице-в-лице од Септември до Декември 2021 г. Со оглед на посакуваните идни резултати, во 2022 г. ќе продолжиме да ги максимизираме нашите напори во поглед на индивидуалното донирање. Нашиот главен канал на обезбедување финансиски донации сè уште е локалниот корпоративен приход и затоа и понатаму ќе се фокусираме на корпоративното финансирање и ќе се обидеме да го максимизираме и стабилизираме. Целта за приходи во споредба со она што е планирано за 2021 беше постигната и надмината за **31%.**

**Комуникација и свесност за брендот** постигнавме највисоко ниво на свесност за брендот во 2021 г. преку промотивните активности за Јубилејот 20 години и преку употребата на разновидни медиумски канали (социјални медиуми, традиционални, Линкедин), ја подобривме содржината на веб-страницата ориентирана кон донаторите и го решивме техничкиот проблем за банкарско плаќање и обезбедивме решение кое е „лесно за користење" за индивидуалните донатори – корисници на секоја банка во земјата.

**Зголемени партнерства** преку заеднички проекти или работни групи, иницијативи на национално ниво и обезбедување на поширока мрежа на партнери надвор од главниот град. Започната имплементација на HGFD/ BMZ проект за **„Адресирање на празнините во социјалниот систем со фокус на Згрижувањето"**, кој генерално треба да ни донесе конкурентска предност во системот на старателска грижа и да помогне да се промовира згрижувањето во нашата земја.

Новиот проект за поддршка на процесот на деинституционализација во земјата беше развиен заедно со ХГФД како дел од Регионалната апликација која беше одобрена од BMZ.( Германското Министерство за економски развој и соработка. Главниот фокус на овој проект е да се истакнат недостатоците во јавните политики кои се однесуваат на алтернативна грижа со особен акцент на соодветниот пристап при соочување со детска траума. Потоа, подигнување на свесноста меѓу населението за важноста на Згрижувачките семејства за деца без родителска грижа, и зголемување на бројот на згрижувачи во земјата.

**Проект за'' Правна поддршка за ранливи жртви од насилни кривични дела'' финансиран од ЕУ, воден од Македонската асоцијација на млади адвокати во која СОС ДС** беше одговорно за обезбедување психо-социјална поддршка на деца, лица со попреченост, постари лица и жени, жртви на криминални дела и истиот беше успешно реализиран согласно целите на проектот и заврши во Август 2021. СОС ДС МКД под водство на Коалиција на младински организации "СЕГА" разви и започна со имплементација на проект за „Зголемување на учеството на млади лица кон силен и одржлив развој на заедницата" во партнерство со: Коалиција на младински организации „СЕГА", Женскиот форум Тетово и Волонтерски центар Скопје. Фокусот е развој на квалитетни јавни политики поврзани со млади лица и базирани на еднакви можности преку одржливо партнерство со локалното население.

## Зајакнување на човечките ресурси и организациска структура

Бројот на вработени на 31.12.2021 г. беше 95 а бројот на стручни лица за грижа беше 52. 9 лица беа вработени со договори на проекти. Правното усогласување на Законот за заштита на лични податоци со ажурираната национална легислатива беше долг процес вклучувајќи надворешен советник поради големиот број Правилници кои мораа да бидат ажурирани, особено поради сензитивната употреба на податоци за децата без родители каде старател е државата. Се изготви и Политика за бенефиции на вработените со цел да промовираат дополнителни начини за награда на вработените и за да ја поддржи мотивацијата и посветеноста на вработените.

Беа организирани потсетувања на Кодексот на однесување за сите вработени и беа развиени посебни програми за Ориентирање на новите вработени со цел да се зголеми ефикасноста на процесот на запознавање на организацијата и задачите во рамките на системот.

Беа спроведени нови вработувања согласно новата организациска структура, но и согласно годишниот план за Човечки Ресурси и претстојната стратегија: 4 семејни асистенти, 1 лице дигитален маркетинг, 1 помлад соработник за корпоративно донирање, 1 социјален работник, 1 СОС Згрижувач, 1 соработник за грижа на млади лица, 1 асистент за административно-финансиски работи на проекти. Вкупната флуктуација беше **5,3%**, додека флуктуацијата на соработници за грижа беше **9,2%.**

## Дигитализација

**Постигнувањата оваа година беа најмногу фокусирани на Безбедност на ИКТ и обука** за вработените. Обуките за ИКТ вклучуваа вебинари и онлајн обуки за Безбедност на ИКТ која им овозможи на вратените да бидат побезбедни на интернет и да знаат како да се заштитат себеси и организацијата од сајбер напади. Имплементацијата на Сајбер безбедносната програма го подобри и процесот на справување со инциденти. Оваа програма исто така беше проширена и за Згрижувачите и децата и младите, а од процесот создадено е и упатство за Сајбер безбедност кое ги учи децата како да се заштитат себеси на интернет на училиште и дома. Овој процес опфати повеќе од 200 корисници. Беа спроведени дополнителни обуки за вработените со цел да го подобрат нивното знаење за програмите кои ги користиме како што се апликации од О365, како: SharePoint, OneDrive, Teams, Forms, Planner, OneNote, Outlook и други. Овие алатки ја зголемуваат ефикасноста, стабилноста, безбедноста, веродостојноста и полесно управување со документи и информации

## Управување со Здружението

Во 2021 г. имавме 11 состаноци со Управниот Одбор од кои 5 беа редовни, а 6 дополнителни состаноци и редовно Генерално собрание во јуни 2021 г. Тековните Ковид предизвици и правните усогласувања, бараа поголема вклученост на Одборот и повисока ефикасност во процесот на донесување одлуки. СОС Детско село Северна Македонија имаше функционален и мотивиран Одбор со доверливи членови и со соодветен капацитет да ја поддржат организацијата во период на големи промени и трансформации. На крајот на годината, трагично ја изгубивме нашата Претседателка г-ѓа Славица Спироска, која беше вистински посветена, мотивирана, полна со емпатија за целните групи на кои е посветено СОС Детско Село. Поради смртниот случај со Претседателката требаше да се избере ВД Претседател и ВД Заменик претседател до регуларните избори во Јуни 2022 .

## Приватна Установа СОС Детско Село – Скопје

Преку програмите за алтернативна грижа во 2021 г. овозможивме квалитетна грижа за вкупно 125 деца и млади лица без родителска грижа (62 во 13 згрижувачки семејства поддржани, 28 во единиците за грижа на млади и 35 во рамки на програмата за Социјална интеграција на младите над 18 години. Во текот на 2021 беа згрижени 21 дете и 5 млади кои напуштија грижа преминаа во полу-независната програма во 2021.

**90%** од младите (9 од 10), се осамостоија во текот на напуштање на постоечките програми за грижа за млади лица. Од Декември 2021 г., станавме одговорни за дополнителни 40 постоечки згрижувачки семејства и 73 деца, во три региони во земјата Услугата за советување во Програмата за зајакнување семејство поддржуваше 68 семејства и 299 корисници (184 деца и 115 родители). Во текот на 2021 година, 10 семејства беа примени и 46 семејства ја напуштија поддршката, 39 беа осамостоени (85% осамостоени семејства ).

1 од децата ја изгуби грижата од неговото семејство и беше сместено во друга форма на алтернативна грижа.

## Ковид 19

Заради Ковид 19 имавме предизвици во континуитетот во 2021 г., како и во 2020 г., особено во организацијата на работата на вработените вклучени во директна грижа, каде што беше потребно физичкото присуство 24/7, со оглед на многубројните Ковид-19 изолации и мерки. Реорганизацијата на работата и животот влијаеше на зголемување на работните часови, комплексноста на работењето и стрес на вработените. Во 2021 година се соочивме со 2-3 бранови на кризи и периоди каде што бевме без доволно кадар и беше многу потешко да се имплементираат планираните активности и да се постигнат резултати и правното усогласување. Овие турбуленции како за вработените така и за организацијата, го променија вообичаениот секојдневен начин на функционирање и работата од дома исто така беше континуирана практика.

# Национален контекст

Националниот контекст во кој функционираше СОС Детско село Македонија (СОС ДС) во 2021 сè уште беше во духот на Ковид 19 пандемијата. Многу предизвици во државата, во различни сектори, особено здравство, образование, економија и социјална заштита влијаеја за задоцнувања на планираниот развој на државата.

Владата усвои пет пакети мерки за политики за справување со негативните последици од КОВИД 19, дизајнирани специјално за справување со ликвидноста и работните места, насочени кон граѓаните и компаниите најпогодени од здравствената криза; конкретна помош за секое семејство и поединци, поддршка на економијата, одржување на работните места, одржување на социјалната стабилност и помош на граѓаните погодени од оваа криза; заживување на домашната економија преку директна поддршка на граѓаните и стопанството; директна помош за економската и социјалната сигурност на граѓаните, како и охрабрување на личната потрошувачка како поттик на општествениот раст.

Дополнително во оваа година, имаше и локални избори и промена на централната влада која исто така ги забави социјалните реформи. Покрај политичката нестабилност и турбулентност, како и пандемијата, државата го одржуваше правецот на промовирање на социјалната благосостојба на ранливите категории на граѓани и продолжи со имплементирање на социјалните реформи, иако со многу бавен интензитет а истото влијаеше и на работењето на нашата организација. Вкупниот буџет на Министерството за труд и социјална политика (МТСП) за 2022 година изнесува 50,6 милијарди денари. Во буџетот на Министерството за труд и социјална политика за 2022 година средствата наменети за капитални инвестиции се зголемени за речиси 100%.

Во услови на криза не се дозволи пад на минималната плата, туку напротив се случи нејзино зголемување на 15.000 денари, како и раст на просечната плата. Невработеноста во однос на третиот квартал од 2019 година, како и истиот во 2020 година е намалена за 0,6%.

Моментално 35.500 домаќинства се корисници на Гарантираниот минимален приход (ГМП). Обезбедени се средства за исплата на детски додаток, кој во моментов го користат 47.000 деца и образовен додаток кој го користат околу 30.000 ученици и студенти. МТСП прифати дополнување во Законот за социјална заштита, во областа на личната асистенција, со намалување на возраста од 18 на 6 годишна возраст за услугата лична асистенција, и придобивката беше дополнителни 200 деца на возраст одо18 години да добиваат поддршка на дневно ниво.

Професијата “Социјални ментори“ беше додадена во државната номенклатура на професии преку иницијативата на  непрофитна организација, како можност за основање на услуги  преку  социјални ментори како професионална поддршка на млади  во социјален ризик за полесно  да пристапат на пазарот на трудот. Ова е можност за СОС ДС МКД да размисли за потенцијалните услуги во иднина, особено поврзани со поддршката на млади лица и нашата програма за Полу независно живеење.
Државата во својот буџет за 2022 година предвиде и средства за персонални асистенти за лица со инвалидност од 6 до 64 години како и социјално осигурување за стари лица – пензија која во моментов ја добиваат околу 9.500 граѓани.

Министерството за труд и социјална политика, преку процесот на де-институционализирање како дел од социјалната реформа, ги трансформираше големите институции во мали  групни домови На овој начин на децата со образовни и социјални проблеми и  децата во конфликт со законот им се обезбедува безбедна средина за живеење, организиран професионален пристап со цел да го променат атипичното однесување кон подобро и позитивно, развивање на нивните потенцијали и потреби, како и вклучување во образовниот систем.

МТСП подржи  отворање на  нови услуги на локално ниво за да се зацврсти поддршката на ранливите категории на граѓани и нивниот пристап до социјалните услуги. Беа спроведени обуки на стручните лица за ново отворените социјални услуги, со цел да се зголеми пристап до обезбедување на услугите за корисниците во рамките на нивните заедници.

МТСП усвои  правилник кој ги дефинираше стандардите и нормите на услугите за советување и во исто време беше развиена и објавена и ценовна листа на услуги за советување како и Методологија за цена за Центар за поддршка на Згрижувачки Семејства.

СОС Детско село  Македонија (СОС ДС МКД) во Мај 2021 ја лиценцирање својата прва услуга Организирано живеење со поддршка за млади без родители а во Август 2021 потпиша Управен договор со Министерството за труд и социјална работа и општината Гази Баба за давање услуги за советување за семејствата со ризик во рамка на грант даден од Светска Банка до Министерството за воспоставување на социјални услуги.

За првпат во земјата,  се основаа два државни и еден приватен (непрофитен) Центар за поддршка на Згрижувачки Семејства ( два во Скопје и 1 во Битола) . СОС Детско Село   беше една од првите непрофитни организации лиценцирани за 3 социјални услуги кон крајот на 2021.

Овие Центри ќе бидат  одговорни за сите згрижувачки семејства во земјата и ги покриваат сите административни региони. Ова го отвори патот за СОС ДС МКД за поголемо влијание и унапредување на Згрижувањето и  отвори и можности за финансирање и идна самоодржливост на оваа услуга. СОС Детско Село на почетокот на 2021  имаше 48 дополнителни згрижувачки семејства и веќе во Март 2022  покрива вкупно  64 згрижувачки семејства во мрежата на поддршка (вклучувајќи ги  13 веќе постоечки СОС семејства Згрижувачи).

Оваа година,  беше одобрен и Протоколот за меѓу-секторска соработка за случаи на детско насилство, од Националното координативно тело, што преставува значаен чекор напред во справување и  постапување  со насилство на деца  во нашата држава. За жал во пракса и искуството на СОС покажува дека тоа не се спроведува на начин пропишан со протоколот.

Министерството за труд и социјална политика го спроведе Проектот за подобрување на социјалните услуги со посебен заем од 28,7 милиони евра, кој Владата на Република Северна Македонија го доби од Светска банка. Како дел од првата компонента на овој проект, чија цел е зајакнување на севкупниот систем на обезбедување социјална заштита, беа потпишани 19 договори со 24 општини. СОС Детско село Северна Македонија (СОС ДС МКД) склучи договор со Министерството за труд и социјална работа и општина Гази Баба за испорака на советодавни услуги за семејства во ризик.

Државата прифати  правилник во кој се дефинираат стандардите и нормите на советувалиштето и правилникот за привремен престој “ куќа на пола пат“ остана во мирување поради предлог за измена на Законот за социјална заштита. Во исто време беше изработен и ценовник за советодавните услуги.

Во 2021 година, Министерството  преку донесената Методологија за утврдување на цените на социјалните услуги го зголеми владиниот придонес за сите договорни социјални услуги. Ова обезбеди континуитет во субвенционирањето на програмата СОС Младинска грижа, но и обезбеди финансиски придонес за новоформираниот Центар за поддршка на згрижувачки семејства кој покрива 64 згрижувачки семејства во трите региони во Северна Македонија.

Со цел да се поддржат младите лица нивното вработување, државата спроведе мерки и програми како дел од Оперативниот план кои покажаа висока имплементација, само во Полошкиот регион се отворени 231 сопствен бизнис, а од истите 83 се основани од млади лица. Преку проектот „Младинска гаранција“, со цел подобро позиционирање на младите на пазарот на трудот, лани се вработиле 8446 лица, а 2000 се вработиле на неопределено. Младинскиот додаток, овозможува секој млад до 23 години вработен во производството да добива месечен додаток од државата во износ од 3000 денари. Со оваа мерка лани беа опфатени 3474 лица. Проектот Зајакнување на младите преку нови можности (YEEP),

имплементиран од СОС ДС МКД, ги надополнува овие мерки на државата и има поголемо влијание во остварувањето на социјалната интеграција и вработувањето на младите.

Невладината  PUBLIC иницираше и успеа да воведе лиценцирана наставна програма за воспоставување социјални ментори како професионална поддршка на населението со социјален ризик, при пристапување на пазарот на трудот. Ова дава можност социјалните ментори да се воведат во системот за социјална заштита и да станат даватели на социјални услуги. Ова ќе бара дополнителни инвестиции во застапување преку заедничка акција на СОС ДС МКД и PUBLIC.

Првиот Национален центар за поддршка на социјалните претпријатија беше отворен годинава. Центарот треба да обезбеди систематска поддршка на новите и веќе постоечките социјални претпријатија, бидејќи тие се клучни за справување со предизвиците на локално ниво поврзани со сиромаштијата, невработеноста и други социо-економски прашања поврзани со интеграцијата на ранливите групи граѓани.



## Статус на имплементацијата на стратегијата

### Постигнувања

- Активно учество во De-I стратегијата за имплементација (подобрување на легислативата за развој на социјалната заштита и зголемување на важноста на програмите преку лиценцирање на услуги ).
- Воведување на   различни методолошки пристапи за поддржување деца, млади лица, адолесценти, згрижувачи – родители и биолошки родители;
- Отворање на нов Центар за поддршка на згрижувачки семејства како услуга која произлегува од процесот на трансформирање на програмата  СОС згрижувачки семејства (поранешен концепт на Детско село)
- Добивање на лиценца за грижа за млади –Организирано живеење со поддршка
- Добивање на лиценца и проект за 3 години за услуга за советување
- Одобрен проект од 650,000 евра за поддршка на социјалните реформи и деинституционализацијата со фокус на згрижувачките семејства
- Пилотирање на 2 нови канали за донирање преку Проект од 450,000 евра за поддршка на осамостојување на организацијата
- Аплициран и стартуван Проект за млади YOUTH CAN за менторство на млади -25,000 евра буџет
- Подготовка за нов проект за поддршка за вработливоста на млади со буџет 700,000 евра за аплицирање во 2022
- Успешно завршен проект финансиран од ЕУ „Легална поддршка за ранливите жртви на насилни кривични дела" за кои СОС Детско Село беше одговорно за психолошко – социјалното советување на ранливите жртви;
- Одобрен и започната имплементација на  проект за зголемување на учеството на млади лица кон развој на силна и одржлива заедница" под водство на Коалиција на младински организации "СЕГА" во партнерство со: ''Женски форум Тетово'' и ''Волонтерски центар Скопје''.

### Предизвици

- Не беа подготвени сите подзаконски акти и правилници за социјалните услуги од страна на МТСП
- Потешкотии во процесот на правно усогласување на СОС ДС МКД (нејасни правни акти, несообразности на некои позиции на трудот од правен аспект, невалидност на некои делови од претходните овластувања за новите рамки и одговорности на институцијата и услугите)
- КОВИД 19 – немање континуитет и доволно човечки ресурси поради постојани боледувања, карантин и користење мерки од страна на државата

### Научени лекции

- Соодветна организација и водство на вработените низ пандемијата, обезбедува квалитетна грижа дури и во средина на предизвици;
- Проактивниот организациски пристап кон државните институции  овозможува споделување на сите искуства и знаење помеѓу главните партнери, ќе обезбеди систематски подобрувања, стратешка имплементација и одржливост на организацијата;
- Соодветна алокација на човечките ресурси придонесува кон квалитетна работа; Владините минимални стандарди за новите социјални услуги не можат да придонесат за соодветна поддршка на корисниците. Ќе мора да се планира зголемување на кадар
- Во услови на пандемија и рестрикции во правењето на договори, алатките за работа од дома се начин на работа со корисниците;
- Квалитетен пристап кон мотивирањето на човечките ресурси во организацијата, ќе го попречи губењето на квалитетен кадар и негово исцрпување кое доведува до сериозно ослабување на функционирањето на организацијата или до затворање на некои услуги за кои е тешко да се најде обучен кадар;
- Компетентноста на кадарот мора да биде ставена на приоритетна листа при идната проценка за спроведување на стратегијата за самоодржливост





# Програми во имплементација во 2021

Приватната Установа СОС Детско Село Скопје, која согласно законските измени се пререгистрира во Установа за вон-семејна заштита, овозможува интегрирани лиценцирани услуги, интервенции и проектни активности во 4 општини во главниот град на Скопје – Гази Баба, Шуто Оризари, Бутел и Карпош. Во декември 201 , ние го проширивме опсегот на поддршка на уште 40 Згрижувачки семејства надвор од Скопје, во различни локации во с Македонија, особено Вардарскиот дел и Југоисточната област на земјата.

- Допревме до 309 деца и млади преку нашите услуги;
- Вкупните резултати на корисниците од анкетата за задоволство од услугите укажуваат на високо задоволство од услугите што ги добиваат од СОС Детското село, со просечна вредност од 4,5 од максимални 5 поени за сите услуги;
- 215 деца и млади се вклучени во формално образование, од кои 76,5% со просечен образовен успех;
- 85% од поддржаните семејства во социјален ризик постигнале независност и самодоверба, 90% од младите се самоуверени;
- 99% од нашите деца добија обука за заштита на децата;

## Зајакнување на семејства

**Услугите за советување** во Програмата за зајакнување семејство поддржуваше 68 семејства и 299 корисници (184 деца и 115 родители). Во текот на оваа година 2021, 10 семејства беа примени и 46 ја напуштија Програмата за зајакнување семејство, 39 независни (85 % независни семејства). 1 од децата ја изгуби грижа од своето семејство и беше згрижено во друга форма.





Преку **Центарот за поддршка на Згрижувачки семејства** во 2021 година се овозможи квалитетна алтернативна грижа за вкупно 125 деца и млади без родителска грижа (62 деца во 13 згрижувачки семејства поддржани, 28 млади преку 4те единици за грижа на млади и 35 корисници во програмата за Социјална интеграција на млади над 18) . 23 корисници беа примени во згрижувачки семејства и 5 млади преминаа во програмата за Социјална интеграција за млади над 18. 6 деца ја напуштија грижата од згрижувачките семејства поради други причини (реинтеграција и различни услови за грижа)

Главните постигнувања во Програмата за зајакнување на семејството ( Советодавните центри) може да се групираат во три области. Прво е лиценцирање на услугата. Со цел усогласување со Законската регулатива, во 2021 година од МТСП беше објавен Правилник за советувалишта во кој СОС Детско Село даде своја поддршка и придонес, персоналот ги изработи потребните документи за лиценцирање (елаборат, програма, различни процедури), а во исто време беше изготвен концепт за новата услуга со рамка за планираните резултати на Промените на човечките ресурси беа во соодност на Законските барања со кои моравме да се усогласиме.

Програмата Зајакнување семејство беше трансформирана во Советувалиште за советување на семејства, родители и деца во социјален ризик со главна цел да се зајакнат родителските знаења кај семејствата кои се во ризик, со цел да се спречи одвојувањето на детето од биолошкото семејство. Поточно, нашите 2 советувалиштата во иднина ќе користат две методологии за работа – Програма за зајакнување на семејствата (ПЗС) и Програма за позитивно родителство (за групно и индивидуално советување) за да обезбедат подобрување на семејните односи, подобрување на родителските вештини за квалитетна грижа за децата, познавање на детските права. , спецификите на детскиот развој, подобрувањето на животните вештини, социјалните вештини и однесувањето на децата, како и за зголемување на одговорот на заедницата преку воспоставена неформална мрежа и функционална соработка со локалните Центри за социјална работа.

Согласно исполнетите законски барања, СОС Детско Село, општина Гази Баба и Министерството за труд и социјална политика потпишаа договор за субвенционирање со кој се обезбедува финансиска поддршка за функционирањето на услугата за Советување.



## Грижа и Социјална интеграција на млади

СОС Детско Село имплементира 2 типа на програми-услуги за оваа целна група :

Грижа за млади од 14 до 18 години -28 млади згрижени во 4 куќи за млади.

Програма за социјална интеграција на млади – 34 млади над 18 години

Во текот на годината, лиценцираната услуга – Живеење со поддршка за деца без родителска грижа до 18 години (грижа за млади), работеше со полн капацитет, со што обезбеди грижа за 28 деца во четири станбени единици (домови за млади) Во 2021 година, програмата за Социјална Интеграција беше подобрена со назначување на Координатор кој обезбедуваше поддршка само за младите лица во оваа програма а во исто време персоналот во единиците за живеење со поддршка можеше повеќе да се фокусира на секојдневната грижа на младите до 18 години. Оваа Програма за Социјална интеграција поддржа 34 млади луѓе со многу интервенции и скроена поддршка според потребите на младите кои се на возраст да можат да живеат полу самостојно.

Спроведени се следните активности за зајакнување на квалитетот на грижата за младите лица: Самоевалуација на грижата, освежување на методологиите за менторство при напуштање на грижата и психо-педагошка работа со деца, континуирана обука за дел од персоналот.

2021 година донесе мал пораст на образовните перформанси во споредба со претходната година (од 77% во 2020 година на 80% во 2021 година - 81% од младите (грижа за млади лица) и 78% (SIL) имале задоволителни образовни перформанси и е малку под зацртаната цел (84%).По олеснувањето на ограничувањето заради КОВИД , новата учебна година во септември започна со физичко присуство и тоа донесе поголем ентузијазам во учењето кај младите.

Бројот на млади луѓе кои не се во образовен процес, вработување или обука (NEET) – се намали од 25,8 во 2021 година на 11,4 (четири корисници во SIL со беа со различни предизвици), бидејќи пандемиските ограничувања беа олеснети и можностите за работа повторно - воспоставена.

12 корисници од грижата за млади лица беа вклучени во различни активности обезбедени од проектот BMZ, YEEP и нивната можност за вработување беше зајакната преку обука за животни и вештини за вработување, стручна обука и практикантска работа.

Во последниот квартал од 2021 година, започна проектот YouthCan! и беше развиен план за активности и воспоставен првичен контакт со различни локални компании со цел менторство со цел зајакнување на вештините за вработување

Safeguarding Children

Во 2021 година, тимот за заштита на децата базирајќи се на локалниот контекст и искуството ја контекстуализираше постапката за известување и одговор на пријави во однос на нарушена безбедноста на децата. Беше спроведена сеопфатна проценка на ризикот кај децата со активно вклучување на корисниците, соработниците за грижа и персоналот на сите нивоа во организацијата. Резултатите покажаа дека постои заедничка перцепција дека корисниците на СОС ДС се чувствуваат безбедно и дека главните ризици се во суштината на следниве три главни компоненти: развојните карактеристики на младите во адолесценцијата (преземање ризик, експериментирање, потреба за независност), состојба на менталното здравје најчесто длабоко погодена од трауматски несакани искуства) и неразвиениот систем на социјална заштита во земјата и нема соодветен меѓу секторски пристап кој не може да ги задоволи потребите на овие деца за специјализирана грижа.

Големи ризици произлегуваат и од интернет комуникациите, бидејќи и младите и соработниците не се во можност секогаш да ги препознаат ризиците, не можат да ја следат комуникацијата и лесно се манипулираат, па дури и се доведуваат во опасни ситуации и комуникации.

Најголемиот ризик за заштита на децата произлегува од овие сложени околности што го принудуваат СОС ДС да се справува со секојдневни ситуации кои се далеку надвор од неговиот опсег на работа, а неможноста соодветно да се задоволат потребите на децата со предизвици во однесувањето и нарушено социјално поведение, при што се намалува квалитетот на грижата и поддршката кон другите млади. Вработените лица во СОС ДС на различни раководни позиции во повеќе наврати го истакнуваат овој проблем кон МТСП и вложуваат напор за да се реши оваа ситуација и се залага за изнаоѓање соодветни долгорочни решенија.

СОС ДС МКД е член на „Националното координативно тело за заштита на децата од злоупотреба и запоставување“. Оваа година, Протоколот за меѓу секторска соработка во случаи на злоупотреба на деца е одобрен од Националното координативно тело кое ја постави основата за поефикасно дејствување во меѓу секторската соработка во случаи на насилство врз дете.



## Застапување

СОС Детско село Македонија со поддршка на надворешни експерти, се вклучи во работни групи со МТСП при изработка на два правилника за услуги за советување и привремен престој „куќа на половина пат“. По изготвувањето, правилниците беа доставени за ревидирање и повратна информација до претставниците на Законодавно-правната комисија за проверка и поправка. По усогласувањето со предлозите за измени во неколку наврати, правилникот за советувалишта беше прифатен од страна на Министерот за труд и социјална политика, но правилникот за услуга за привремен престој „куќа на половина пат“ беше ставен во мирување, поради одлука да се интервенира во Законот за социјална заштита што се однесува на оваа услуга.






СОС Детско Село, на почетокот на 2021 активно и во соработка со МТСП преговараше и разговарање за начинот на трансформација на постоечките програми на СОС Детско Село во нови социјални услуги согласно критериумите на Законот за Социјална заштита, со цел промените да бидат првенствено во интерес на децата и да се запази континуитетот на грижата и на поддршката на корисниците. Законските измени , како и усвоениот правилник за згрижувачки семејства, кој беше изработен со поддршка на СОС ДС МКД, подразбираше сериозни  преговори за измена  на програмата за поддршка на СОС семејства и целосно усогласување на СОС ДС МКД со Законот за социјална заштита. Остварени се повеќе работни средби со претставници на Заводот за општествени дејности, Министерството, професори од Универзитетот Свети Кирил и Методиј за да се најде најсоодветен модел за трансформација. По овие средби беше постигнато соодветно решение со кое во поголем процент надминаа предизвиците.

Во 2021 година, Министерството за труд и социјална политика ги отвори  двата државни Центри за поддршка на згрижувачки семејства а СОС Детско Село во Јуни 2021 поднесе барање за добивање на 5 годишна лиценца за кое доби позитивен одговор во Октомври 2021.

И покрај успешно завршениот процес и добиени 3 лиценци, сметаме дека методологијата за креирање на цените  на социјалните услуги е несоодветнаа и не ги покриваат основните минимални трошоци на одредени даватели на услуги, особено на оние кои треба да бидат испорачани преку Установа.
СОС Детско Село планира да иницира формирање на мрежа на даватели на социјални услуги со цел заедничко застапување за промена на ценовната политика.






## Човечки ресурси

**Бројот на вработени на ден 31.12.2021 г. беше 95 и бројот на стручни лица за грижа 52.**

**9 лица се вработени на Проекти  на 3 различни проекти.**

Фокусот во областа на човечките ресурси за 2021 година беше во законските прилагодувања и подготовката за процес на лиценцирање кој бараше **промена на Организациската структура**, нови Описи на работни места за сите вработени во програмите и нов Договор за вработените со нови позиции или сменета позиција. Овој процес ги  опфати и  СОС Згрижувачите  и семејните помошнички  со нови позиции според номенклатурата за работа и можности за работа од дома.

**Правното усогласување на ГДПР ( Закон за Заштита на лични податоци)** со ажурираната национална легислатива  беше долг процес вклучувајќи надворешен советник поради големиот број Правилници кои мораа да бидат ажурирани, особено поради сензитивната употреба на податоци за децата.

**Ажурираната политика за Бенефиции на вработените** беше усвоена со цел да се овозможат  дополнителни начини за наградување на вработените и за да се поддржи мотивацијата и посветеноста на вработените. СОС Детско село дава голем фокус на вработените и го следи пазарот на труд со цел постојано унапредување на компензацискиот систем и задржување на конкурентноста со оглед на тоа што силата на организацијата е во нашите посветени и обучени вработени.

Во континуитет организираме потсетување и обуки за  **Кодексот на однесување** за сите вработени и беа развиени посебни програми за ориентација за нови вработени  со цел да се зголеми ефикасноста за вклучување во работниот процес за новите вработени.

**Ажурирани се сите  работните договори за сите вработени**  а беа исплатени и бонуси за 44 вработени кои се вклучени во директна грижа на деца и млади, заради дополнителните ангажмани и предизвици со КОВИД 19. Овој фонд за исплата на овие бонуси беше обезбеден од страна на Херман Гмајнер Фондацијата која на овој начин сакаше да ги награди вработените и да се заблагодари за сите екстра напори кои ги направија во овој период.

Поради предизвиците со КОВИД и исцрпеноста на вработениот кадар, беа вработени дополнителни 4 семејни асистенти кои даваа индивидуална поддршка на секое СОС семејство, при што секое   СОС семејства функционираше со поддршка од 1 семејни асистенти.

**Беа спроведени нови вработувања** согласно  новата организациска структура, но и согласно  новиот план за човечки ресурси и претстојната стратегија и тоа : 4 семејни асистенти, 1 дигитален фундрејзер на , 1 помлад корпоративен фундраизер, 1 социјален работник, 2 СОС мајки, 1 соработник за грижа за млади, 1 проект помошник за административно-финансиски работи. Вкупната флуктуација беше 5,3%, а флуктуацијата на соработници за грижа беше 9,2%.

Ковид 19 донесе предизвици во продолжение и во 2021 година како и во 2020 година во однос на организацијата на работата на вработените особено на позициите за основна грижа каде што е неопходно физичкото присуство и поради многуте изолации и мерки од Ковид-19. Реорганизацијата на работата и животот влијаеше на зголемувањето на работното време, сложеноста на работата и стресот кај вработените.

Во грижата за млади лица имавме зголемена флуктуација кај вработените поради многу случаи на Ковид, боледувања и зголемено агресивно однесување меѓу младите како резултат на долгите изолации.

Процесот на управување со перформансите и PAT не беше  спроведено согласно очекувањата  во овие времиња на постојани промени, помало физичко присуство на вработените, изолација на вработените, зголемување на работата и работа од дома преку многу он-лине состаноци.

Ротирањето на вработените, исто така, го наруши вообичаеното секојдневно функционирање на организацијата.



## Интерни процеси и дигитализација

Постигнувањата во оваа година беа најмногу насочени кон ИКТ безбедност и обука на вработените. Обуките за ИКТ вклучуваа вебинари и обуки на лице место за ИКТ безбедност кои им помогнаа на вработените да бидат побезбедни на интернет за да знаат како да се заштитат себеси и организацијата од сајбер-напади. Спроведувањето на Програмата за сајбер безбедност го подобри и процесот за справување со инциденти. Оваа програма беше проширена и на мајките и децата и од тој процес беше креиран Водич за сајбер безбедност за да ги научи како да се заштитат себеси на интернет на училиште и дома, кој исто така беше дополнително проширен и за семејствата во Програмата за зајакнување семејство. Овој процес опфати повеќе од 200 луѓе.

Беа спроведени дополнителни обуки за вработените да го подобрат своето знаење за програмите што ги користиме како што се апликациите од O365, како: SharePoint, OneDrive, Teams, Forms, Planner, OneNote, Outlook и други.

Ова доведе до зголемена ефикасност, стабилност, доверливост, безбедност и полесно управување. Оваа обука, исто така, го подобри користењето на овие алатки од страна на вработените за подобро коавторство и соработка со надворешни партнери; аутсорсинг компании, волонтери и други. Обуката ја опфати целата организација и 83 вработени.

За да продолжиме да ја подобруваме безбедноста на ИКТ, ја завршивме и имплементацијата на новиот закон за ГДПР и го усогласивме со новите стандарди на ЕУ за податоци и лична заштита. Беше прегледана целата документација и се подобрија процесите и обврските и беа извршени обуки за вработените за да се запознаат со овој закон за ГДПР и со нивните права. Исто така, создаден е водич за ГДПР за поедноставено разбирање меѓу вработените.

На ниво на цело организација продолживме со усогласување на новите ИКТ стандарди и процеси кои се  во согласност со промените во регионалните ИКТ стандарди. Ова помогна да се подобри безбедноста и заштитата на податоците и опремата. Ова обезбедува дека целиот хардвер и софтвер се во согласност со регионалните ИКТ стандарди и дека сето тоа е безбедно, го имплементиравме новиот софтвер Lansweeper. Инсталирањето на софтвер за управување со залихи за користење на хардвер и софтвер ќе придонесе за дигитализација на ИТ инвентарот, детални информации за Хардвер и софтвер, управување со IP адреси, зголемување на сајбер безбедноста при откривање на сомнителни уреди и неовластен софтвер во организацијата.

Во годишните активности, во планот имавме и  дополнителни процеси за зголемување на безбедноста кои вклучуваа имплементација на Напредни MDM политики и додавање 2FA на сметките на вработените. Спроведувањето на напредни MDM политики ја олеснува контролата од страна на ИКТ менаџерите и ја олеснува имплементацијата на софтвер и ИКТ политики во организацијата. Додека додавањето 2FA на сметките на вработените ја зголемува безбедноста и заштитата од несакан пристап до сметките и носи поголема контрола на процесот на пристап до сметките и услугите што ги обезбедуваме.

Воведувањето на Global Azure беше најголемиот проект оваа година за кој беше потребно многу време и дополнителни мерки на претпазливост поради опасноста од губење податоци за време на процесот. Секоја корисничка сметка беше преместена во облакот со поставување локалните сметки да бидат на Azure и беа креирани нови профили на компјутерите на вработените. Ова ја зголеми безбедноста, го намалува ризикот од оштетување на серверот и губење на податоци и ги намалува идните трошоци за надградба или можните хардверски проблеми.

За подобрен квалитет на IT поддршката што им се обезбедува на вработените, особено со зголемена метода на работа од дома, го имплементиравме TeamViewer како нов метод на ИТ далечинска поддршка.

Последно, но не и најмалку важно, за да ја подобриме ИКТ безбедноста на децата, поставивме ИТ безбедносен систем во СОС семејствата.. Поставувањето на ИТ безбедносен систем во куќите беше процес кој претсавуваше поставување уред за да се спречи сомнителна содржина да дојде до децата и контрола на софтверот инсталиран на компјутерите, исто така, обезбедува опција за блокирање дополнителна апликација за одење на интернет и заштитени деца на интернет.




## Обезбедување на локални приходи

**Локалните Приходи за 2021 година во однос на планот се надминати  за 31% или 111% во однос на минатата година.**

— Зајакнат е Одделот за обезбедување на локални приходи и комуникација преку – вработување на корпоративен фундраизер на средства за да се максимизира приходот од корпоративниот сектор, притоа исто така даден е фокус и на развивањето на   индивидуалните донации  – вработување на Дигитален фунраизер во рамки на проектот IF4C за развој на посветено индивидуално донирање.

— Започнавме пилотирање на два нови извори на приходи преку Проект IF4C и тоа: Дигитално донирање и Донирање од индивидуални лица – на терен преку СОС промотери

— Пионерство на пазарот со активирање дигитални канали за Прибирање средства и постигнување на целите за 1 година (10 месеци)

- Успешно подготвување за вториот иновативен канал за индивидуално прибирање средства Лице-в-лице (4 активни месеци во 2021 г.)
- Иновирање во рамки на корпоративно прибирање средства за +46% приход во однос на планот
- Реализиран проект IT for Charity – со вклученост на повеќе ИТ компании и собрани досега најголем број на средства ( 20.000 евра)
- Партнерство со ВЕРО со иновативен концепт – Заокружи сметка – собрани 15,000 евра
- Остварено партнерство со нов стратешки партнер НЕПТУН – покрај финансиската донација од 7,000 евра се реализираа и повеќе заеднички активности
- Присуството на медиумите со промовирање на брендот, кампањи и 20 годишен јубилеј резултираше со 3 цифрен пораст на КПИ за социјални медиуми.
- Се оствариjа нови партнерства со компании, кои придонесоа во време на КОВИД да ги оствариме планираните средства за да можат да се реализираат планираните активности во програмите

Во 2020 година аплициравме на фонд кој го обезбедува нашата матична организација СОС Детски села Интернационал со цел развој на индивидуалното донаторство. Се работи за средства на износ од 450.000 евра кои ќе ни бидат сукцесивно доделувани според одредена планирана динамика во наредните три години до 2024 година, а од нив ќе треба да генерираме приходи преку каналите за индивидуално донаторство.

Во овој контекст, посветеното донаторство е идентификувано како клучен концепт за постигнување финансиска стабилност преку воспоставување стабилна основа за редовно / континуирано генерирање приходи. Планот за 2021 година се однесуваше на обезбедување просечно месечно по околу 7,5 евра од генерирани околу 500 индивидуални донатори, за која цел беа планирани активности во рамките на одделот за локални приходи, почнувајќи од март односно од септември оваа година и тоа преку два канали:

Вкупно беа генерирани 552 донатори со просечна донација од по 390 денари (6,3 евра по донатор).

## Локални приходи во 2021




## Структура на локални приходи на 31.12. 2021



## Распределба на трошоци на организацијата

Вкупно буџетираните расходи за 2021 година ги опфаќаат расходите на две правни лица: Приватната Установа за вон-семејна заштита заштита "СОС Детско село Скопје" и Здружението на граѓани "СОС Детско село Северна Македонија, на одобрен почетен буџет од 109.497.038 денари (околу 1,77 милиони евра).

Во меѓувреме аплициравме на ЕУ проект за "Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата" на износ од околу 1 милион денари. Исто така аплициравме и добивме проект од Меѓународната организација Детски села -"Младите можат" на износ од 1,4 милиони денари за период од две години. Само за 2021 година планирано беше да се потрошат околу 372.000 денари. Во соработка со германското министерство за економски развој (БМЗ) и со поддршка на донаторот Херман Гмајнер Фнд Германија (ХГФД) започнавме и проект со наслов "Унапредување на системски недостатоци – Поддршка на реформите во системот за заштита на деца" на износ од околу 4,8 милиони денари (834.000 евра) за период Октомври 2021-Април 2025 година. Само за 2021 година буџетот за овој проект изнесуваше околу 405.000 денари. Во 2021 година се зголеми и буџетот на тековниот БМЗ проект "Зајакнување на младите преку нови можности" YEEP за околу 2,2 милиони денари, а добивме и дополнителни средства на износ од 1,8 милиони денари за бонуси за вработените кои се директно вклучени во грижата со корисниците.

| **Почетно одобрен буџет 2021** | **109.497.038** | **1.776.771 EUR** |
|---|---|---|
| **Нови проекти** | | **1,67%** |
| „Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата" | 1.028.726 | |
| „Младите можат" | 391.971 | |
| „Унапредување на системски недостатоци – Подршка на реформите во системот за заштита на деца" | 405.186 | |
| **Зголемување на буџетот по останати основи** | | **3,84%** |
| проект „Зајакнување на младите преку можности" YEEP | 2.250.041 | |
| Covid бонуси | 1.833.889 | |
| Донација за игралишта | 116.260 | |
| **Вкупно зголемување** | **6.026.073** | **5,50%** |
| **Нов буџет** | **115.523.111** | **1.874.554 EUR** |

**Со тоа вкупниот буџет на организацијата достигна 115.523.111 денари (околу 1,87 мил евра), односно се зголеми за 5,5% во споредба со почетно одобрениот буџет.**

**Во споредба со буџетот од 2020 година тоа е зголемување од 4%.**

Искористеноста на буџетот  за 2021 е 93% . Во апсолутен износ се работи за неискористени средства во висина од околу 7,5 милиони денари (122.000 евра). Од нив околу 2,4 милиони денари (40.000 евра) беа наменети за откуп на земјиште во Приватната Установа СОС Детско село Скопје, процес кој не се реализираше поради административни предизвици со државните институции. Дел од средствата околу 3,3 милиони денари (52.000 евра) не се реализираа во рамките на проектите од јавни фондови и други рестриктивни средства, и околу 1,8 милиони денари (30.000 евра) се неискористени средства каде генерално причината за отстапувањето се должи на Ковид пандемијата која придонесе да се одложат одредени активности во организацијата поврзани со службени патувања и работа со корисниците

## Структура на расходи и вкупен приход

Структура на Расходи на  31.12. 2021-според програми




Структура на вкупен приход



СОС Детско Село Македонија, сеуште согласно самоодржливост во голема мера е зависно од средствата кои се добиваат преку Интернационалната мрежа. Во текот на правата половина на 2023 година ќе се подготви Стратегија за 2023-2026 во рамките на која ќе биде предвидено зголемување на локалните приходи а истовремено и оптимизирање на трошоците.

Оптимално до 2030 година СОС Детско Село би требало да постигне 75% ниво на самоодржливост односно да се финансира со поддршка на државата, компаниите, донации од индивидуалци, продажба на производи.

## Клучни партнери на национално ниво

| **Име на партнерот** | **Опис** *(цел на партнерството)* | **Напредок во претходната година** (*клучни преземени акции)* | **Ефективност на партнерството** *(придонес кон резултати)* |
|---|---|---|---|
| Министерство за труд и социјална политика | Владин орган за креирање политика за социјална заштита и регулатор на социјални услуги | Потпишани 3 нови договори за овластување за обезбедување социјални услуги; | 3Лиценцирани социјалните услуги и зголемени владини субвенции |
| Завод за социјални дејности Скопје | Јавна социјална институција Поддршка во имплементација на новиот проект De-I и тековна соработка | Придонес во развој на апликација за проект, и тековна соработка и координација поврзана со корисниците или законски прашања | Одобрен проект од страна на Донаторот и договорена заедничка соработка при имплементација на проектот со цел унапредување на Згрижувањето во Македонија |
| Општина Гази Баба | Партнер во обезбедување услуги со дадени објекти на СОС ДС да ги управува во период од 15 години од 2015 до 2030 г.), 400м2 | Заедничка апликација до Министерството за труд и социјална политика за воспоставување Центар за советување – социјална услуга – за родителство. Ова треба да го субвенционира трошокот на Програма за зајакнување семејство Гази Баба. | Одобрена апликација од Министерството за труд и социјална политика и потпишан договор. Предизвикот е официјалниот почеток, поради немање на одлука на Министерството за цена по поддржан корисник во 2021 |
| МЗМП – Македонско здружение на млади правници – НВО | Придонес во одговор кон насилство на деца во општеството; Придонес во воспоставување национален механизам за борба против насилство; СОС Детско село **е партнер во** имплементација на заеднички проект финансиран од ЕУ. | Направено психо-социјално советување на 127 жртви на насилство, од кои 100 беа жени и 27 мажи; 30 жртви беа малолетни деца. Во однос на етничка припадност, 97 беа македонци и 30 од друга етничка припадност (албанци, роми, босанци итн.) | Зајакнат капацитет во психо-социјалното советување на персоналот на СОС ДС; Сензибилизиран персонал на СОС ДС со законодавството и праксата во правниот третман на жртвите на насилство; Позиционирање на СОС ДС во заедницата како организација со компетентност да ги поддржи жртвите на насилство |
| Коалиција на младински организации „СЕГА“ | Партнери во 2 Проекти за млади Зголемување на учеството на младите кон силен и одржлив развој на заедницата во партнерство со: Коалиција на младински организации „СЕГА“, СОС Детско село Северна Македонија, | Подготовка и почеток на проект; Развиен и имплементиран План за комуникација и видливост; Спроведена основна студија; Зајакната капацитети на НВО за организациски развој и застапување; Спроведување кампања за подигање на свесноста кај младите лица за важноста на демократско учество во овозможувачка | Добиени основни податоци за мерење напредок, воведена дигитална платформа за квалитетно учество на млади на локално ниво и обучени млади советници како застапници на локално ниво Подигната свесност меѓу младите за важноста на демократското учество Зголемени капацитети на Локалните совети на млади лица за ефективно учество; 44 ранливи млади лица од Прилеп и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Женски форум Тетово и Волонтерски центар Скопје. СОС Детско село **е партнер во** имплементација на заеднички проект финансиран од ЕУ. | средина; социоекономска интеграција на ранливи млади лица со активно учество на клучни засегнати страни.<br>Обезбеден значителен придонес за компонентата за застапување од предлог проектот YEEP 2 | околината ги завршија обуките за животни вештини и вработливост. Од нив, 10 ранливи млади лица обезбедија поддршка за учество во стручно образование и обука, 8 ранливи млади се вклучија во практиканство и 15 најдоа работа. Организирана тркалезна маса за подобрена |
| Институт за развој на заедницата Тетово | Придонес за подобрени изгледи за вработување и активно учество на ранливи млади лица на пазарот на труд | Повеќе од 60 ранливи млади лица од Тетово и околината ги завршија обуките за животни вештини и вработливост. Од нив, 24 ранливи млади лица обезбедија поддршка за учество во стручно образование и обука, 25 ранливи млади се вклучија во практиканство и 21 најдоа работа. Организирана тркалезна маса за подобрена социоекономска интеграција на ранливи млади лица со активно учество на клучни засегнати страни. | Капацитетите на НВО се технички и финансиски зајакнати во нивната работа на социоекономска интеграција на млади лица изложени на ризик. Ранливи млади лица имаат пристап до сертифицирана методологија и дополнителни поддржувачки активности, што ги подобрува нивните изгледи за вработување. Партнерските организации применуваат координиран пристап во подигање на свесноста за потребата на подобрени јавни политики кои се однесуваат на социоекономска интеграција на ранливи млади лица. |
| Младински културен центар Битола | Придонес за подобрени изгледи за вработување и активно учество на ранливи млади лица на пазарот на труд | 33 ранливи млади лица од Битола и околината ги завршија обуките за животни вештини и вработливост. Од нив, 10 ранливи млади лица обезбедија поддршка за учество во стручно образование и обука, 8 ранливи млади се вклучија во практиканство и 14 најдоа работа. Организирана тркалезна маса за подобрена социоекономска интеграција на ранливи млади лица со активно учество на клучни засегнати страни. | Капацитетите на НВО се технички и финансиски зајакнати во нивната работа на социоекономска интеграција на млади лица изложени на ризик.<br>Ранливи млади лица имаат пристап до сертифицирана методологија и дополнителни поддржувачки активности, што ги подобрува нивните изгледи за вработување. Партнерските организации применуваат координиран пристап во подигање на свесноста за потребата на подобрени јавни политики кои се однесуваат на социоекономска интеграција на ранливи млади лица. |
| Центар за Социјална работа на Град Скопје и ЦСР Центри за Социјална работа низ државата | Државни институции под надлежност на Министерството за Труд | Соработка при прием на деца, и спроведување на одлуки во интерес на децата со старателот на децата | Унапредена соработка со имплементација на Case Management, измените во Законот за Социјална Заштита јасно се поделени улогите на Центрите за Социјална работа, стручните соработници во СОС Детско Село и Центарот за поддршка на Згрижувачки семејства |
| Агенција за вработување | Поддршка за вработување на млади | Активно учество на тркалезни маси за подобрени јавни политики за социоекономска интеграција на ранлива група, одржани во Скопје, Тетово, Прилеп и Битола | Континуирана поддршка – олеснување на пристапот до невработени ранливи лица и вклучување во проектните активности на СОС Детско Село |



СОС ДЕТСКО СЕЛО